Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), постапувајќи по службена должност, за интервенција врз зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 1 (едно) дрво (јасен) кое се наоѓа на **ул. Димитрија Чуповски пред Министерство за правда – Скопје**
2. Сечењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, во рок од 15 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје.
4. Се обврзува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 1 дрво постаро од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност вработени стручни лица од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвото е целосно суво и мртво, нападнато од габи деструктори и е опасно да падне целото стебло и да причини материјална и човечка штета на јавен простор.
Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,, - Скопје.
Во член 29 став 1 од неведениот закон стои дека постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за отстранување на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвото е целосно суво и е во состојба што треба да се исече и при тоа е одлучено наместо исеченото дрво да се засади нов садник на парцела каде што е извршено сечењето.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/2**
**07.07.2026** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје и Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

_______________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

_______________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

_______________________

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

_______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , постапувајќи по службена должност, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**14-Сл/2** од 07.07.2026 на, донесено од Градоначалникот на Град Скопје.
2. Решението бр. **14-Сл/2** од 07.07.2026 год., донесено од Градоначалникот на Град Скопје треба да се реализира веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајќи по службена должност овој орган, има направено увид при што е утврдено дека потребно е да се изврши сечење на 1 (едно) дрво на ул. Димитрија Чуповски, кое е целосно суво и опасно да падне.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои потреба од сечење на суво и мртво дрво, бидејќи постои реална опасност од негово паѓање и причинување на материјална и нематеријална штета.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

**Бр. 14-Сл/3**
**07.07.2026** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изработил
**Марија Стојановска**

_______________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

_______________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

_______________

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

_______________